# Како се гради и одржува судискиот интегритет – низ призмата на Академијата за судии и јавни обвинители

**Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска**[1]

Есејот е изработен за потребите на Судиската онлајн конференција на тема **„Интегритетот на судијата: нужност или потреба“,** со која се одбележа Денот на правосудството.

Конференцијата се одржа на 30 март 2021 година, во организација на Здружението на судиите на Република Северна Македонија, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

[1] Авторот е директор на Академијата за судии и јавни обвинители, професор на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања и поранешен судија на Уставниот суд.
Содржината на овој текст не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## ➢ Вовед

Познато е дека интегритетот на секој професионалец во правосудството е conditio sine qua non, и без чие постоење не би можело да се замисли правилното работење на сите правосудни органи во една држава. Воедно, освен квалитетот и изграденоста на професионалната личност, која базично е природна даденост на индивидуата, интегритетот мора да се гарантира и низ низа на системски мерки кои секоја држава мора да ги обезбеди за да судиите, обвинителите и другите правни професионалци можат непречено да го обавуваат низ своите функции и овластувања. Но, самиот чин на постоење на интегритетот како карактеристика која би требала да ја краси секоја индивидуа која работи во оваа област понекогаш може да е одредлива и опиплива низ секојдневното работење, а понекогаш не е впечаток кој може да се долови од набљудувачите на состојбите, при што ваквата состојба може да нанесе значителна штета врз угледот на правосудната фела. Затоа, од особена важност е темата на судискиот интегритет, која ни го окупира нашето денешно внимание.

Бенгалорските начела на судиско поведение, едногласно усвоени во 2003 година од страна на Комисијата за човекови права на Обединетите нации преку Резолуцијата 2003/43, беа понудени „за разгледување на земјите членки, релевантните органи на Обединетите нации и меѓувладини и невладини организации‟. Главниот мотив за овој документ е појавата на граѓани во бројни држави, кои изгубиле верба во нивниот судски систем бидејќи ги доживувале како корумпирани или пристрасни на друг начин при нивното работење. Од таа причина, судиите биле поканети тие самите да ги постават овие генерални рамки кои ќе придонесат на принципот на судска независност и подигнување на довербата од страна на јавноста за владеењето на правото. Како резултат на макотрпна работа, обликуван е овој документ, кој почива на неколку базични принципи на судството и тоа: независност, непристрасност, **интегритет**, коректност, еднаквост и компетентност и совесност. Заради комплетната универзална сеопфатност на бројни правни традиции, култури и принципи во рамките на овој документ, по однос на судиската функција визуелизирана во сите нив, овие начела се сметаат за универзални и кои можат безрезервно да се прифатат од сите судски и правни системи.

Обработувајќи го посебно принципот на интегритет, документот нагласува дека тој е од суштинско значење за правилно остварување на судиската функција, дека тој е повеќе од доблест - тој е неопходност. Интегритетот се толкува како атрибут на правда и праведност, а се состои од чесност и судски морал. Се смета дека судијата треба секогаш, не само во извршувањето на службените должности, да постапува чесно и на начин што му одговара на функцијата; да биде ослободен од измама и лага; и да биде добар и доблесен во однесувањето

и во карактерот. Интегритетот како особина не се степенува и е апсолутна вредност.

Коментарот на Бенгалорските начела нагласува дека личното однесување на судијата влијае врз целиот судски систем, во кое не се остварува само законската надлежност, туку е важна и трудољубивоста на членовите, нивниот интегритет и морална праведност. А судијата не само што треба да биде "добар судија", туку и "добра личност", дури и ако ставовите за тоа што значи тоа може да се разликуваат во различни кругови на општеството. Од перспективата на јавноста, судијата не само што дава заклетва дека ќе им служи на идеалите на правдата и вистината врз кои владеењето на правото и темелите на демократијата се изградени, туку треба и да ги отелотворува. Судијата кон јавноста треба да се однесува далеку над она за што се бара од неговите сограѓани, важно е дека стандардите на однесување за него/неа се многу повисоки од тие кои се бара од општеството како целина.

На Основните принципи на Обединетите нации за независноста на судството, се повикува и нашиот Кодекс на судиска етика, во кој се вели дека принципите на ОН се осмислени да ја обезбедат и унапредат независноста на судството. Во однос на судската независност, покрај целосната имплементација на Бенгалорските начела, од Здружението на судиите ја констатираат потребата од зголемување и зајакнување на судската независност и потребата од надградување на правната рамка со која се обезбедуваат нејзините гаранции. Во таа насока, велат од Здружението на судиите, потребна е и промоција на судиски активизам, односно зголемување на влијанието на Здружението над законодавната власт, во делот на законите од областа на судството и дека неопходно е зајакнување на судскиот менаџмент, односно лидерството и развивање релевантен дијалог со Судскиот совет на РСМ и воспоставување соодветен баланс помеѓу независноста и одговорноста на судиите. Исто така, нагласено е воспоставување практика на отчетност на членовите на Судскиот совет, избрани од редот на судиите (Собрание на судии или друг начин) и изнаоѓање и етаблирање индикатори за мерење на судската независност и перцепцијата за судството.

- **Значењето на Академијата за судии и обвинители во градењето на судискиот интегритет**

Но, која е улогата на Академијата за судии и обвинители, по однос на понатамошното негување на едукативна подготвеност за поседување интегритет на судиите при нивното работење, да се делува во таа насока преку нејзините активности и редовна работа? Несомнено, ваквите приоритети за унапредување на квалитетот на правосудството засновано на меѓународно признаените

демократските принципи, стандардно важи и се применува уште во 2006 година кога беше основана. Почетната обука на идните судии и јавни обвинители стартно беше етаблирана со воведување на строги и објективни процедури за младите кадри, вклучително и постапката за селекција и прием во Академијата, но и на задолжителна институционална континуирана обука за активните судии и јавни обвинители. Поддржани од водечкиот проект на ЕУ Кардс 2004, и црпејќи од искуствата на развиените школи од овој тип, претежно француската, оттогаш наваму се развива стратегија и сопствен модел на обука. Би сакала да истакнам дека од моментот на своето создавање до денес, Академијата како институција претставува светла точка во реформскиот процес на правосудството, односно веќе прикажала успех. Резултатите од работата на Академијата се видливи и признаени од сите релевантни извештаи, од домашни и странски институции, тела на ЕУ и амбасади.

Сепак, приказната за Академијата се гради секој ден, треба постојано да се заслужува добрата позиција, притоа следејќи ги сите новини на меѓународна сцена кои се од значење за развојот на правосудниот систем во нашата земја. Согласно сите новели во правото и во соработка со бројни партнери од земјата и странство, Академијата континуирано работи во создавањето на квалитетна програма и нуди содржини со кои ќе се изгради посакуваниот профил на судија или јавен обвинител, европски, независен, со интегритет и непристрасен. Погодност за комплетна сеопфатност на целиот млад кадар кој влегува во правосудството со едукацијата е и фактот што Академијата е единствената влезна точка за идните судии и јавни обвинители кои ќе се создаваат преку почетната обука, став кој многупати е потврдуван од експертите на ЕУ и надлежните институции на ЕУ.

Низа документи се изработени од страна на надлежните тела на ЕУ и од страна на Советот на Европа и неговите советодавни експертски тела, дел од нив станаа и обврзувачки, но сепак, интегритетот е тема која што треба постојано да се актуелизира, се со цел да ги држи судиите и јавните обвинители „будни". Во тој поглед, Академијата, во голем дел одамна ги застапува темите поврзани со оваа тема и во континуираната обука, како на пример Кодексот на етика, прашањето на постоење судир на интереси, поимањето на судиска етика, релацијата етика и интегритет, етика и справување со притисоци и бројни други аспекти. За прв пат во 2013 година се започна со обуките за етички кодекс и судир на интереси и за судиите-поротници. Со проектот ИПА 2010, Академијата, во соработка со експертите изработи водичи за етичките правила, со практични примери, наставни планови и обуки за етиката, кои беа во светло на препораките на ГРЕКО во четвртиот круг, кои во себе ги инкорпорираа и меѓународните стандарди за етика, по што истите ги промовираше во судовите и јавните обвинителства. Истовремено, при обликувањето на едукативните програми,

освен уделот на телата во Академијата, инпутот на обучуваните лица и двата совети, АСЈО повремено остварува истражувања за да ги прими размислувањата и идеите од стручната фела.

За жал факт е дека судиите многу малку јавно прозборуваат за своите етички дилеми и отворено бараат стручна помош од овој аспект. Етиката од сферата на приватното и индивидуалното, треба да се префрли на теренот на јавното, бидејќи јавноста е сѐ позаинтересирана за приватниот и семејниот живот на судиите и обвинителите, сѐ повеќе го коментира нивното однесување, не само во судницата туку и нивното појавување на разни јавни настани, дури и нивниот изглед. Судиите, пак од своја страна се, се повеќе присутни во социјалните медиуми, постираат слики и од приватниот живот, се изложуваат на окото на јавноста, па се поставува прашањето за разграничување на приватното од јавното и практицирање на слобода на изразување на судиите, која ако не се применува многу внимателно, може да ги загрози честа и угледот и перцепцијата за достоинството и авторитативноста на судската функција. Академијата значителен дел од своите активности ги насочи токму на оваа тема, односите со јавноста, јавниот настап и сл. Брошурата на ABA CEELI која беше издадена минатата година претставува бесценет ресурс полн со конструктивни совети за тоа како би требало судиите да се однесуваат на социјалните мрежи, кои се дозволените граници и што не се смета за прифатливо.

Профилот на денешните судии и обвинители е значајно изменет во однос на времето од пред повеќе од 10 години, не само со оглед на учеството на обуките, како учесници, предавачи и ментори. Денес судиите и обвинителите активно учествуваат во разни работни групи за законодавните измени, активно се вклучени во изготвување и реализација на стратешките документи за судството, учествуваат во работи на менаџирање со судовите, компјутеризацијата, учествуваат на меѓународни форуми и престои, односно со други зборови, добиваат проактивна улога во управување со судските работи, а не се повеќе судии кои само судат и носат одлуки. Сето тоа ја зголемува нивната одважност и самодоверба.

Од друга страна, судиите и обвинителите се јавни личности, изложени пред очите на јавноста малку повеќе од другите луѓе и, затоа, треба да почитуваат и негуваат највисоки стандарди на етичко и професионално постапување, да го почитуваат етичкиот кодекс во односите со адвокатите и трети лица, не само во судница, туку и надвор во приватниот живот, да внимаваат на врските со бизнис групи, политичари и сл. Со своето однесување тие треба да се стремат да не создадат сомнение во нивната непристрасност и независност. Тие не смеат да се однесуваат на социјалните мрежи како "ѕвезди" кои го наметнуваат своето размислување за секоја можна тема, кои си прават сопствена ПР промоција за

невкусно да се наметнат во јавниот дискурс, дозволуваат коментари кон кои е видлива личната мотивација и интерес и сл., бидејќи никогаш не се знае во кој момент некој судија би можел да работи предмет кој има токму допирни точки со некоја тема на која коментирал со заземање јасна позиција по прашањето. Во такви случаи интегритетот при решавањето на предметот може да се доведе под дубиоза.

Правосудниот систем на Северна Македонија гледан во глобален правен контекст не се соочува со поголеми предизвици од оние со кои се соочуваат и другите земји. Тоа што се идентификува како недостаток во другите правосудните системи кои се слични со нашиот се забележува и кај нас, единствено прашање е ефикасноста на справувањето со овие проблеми во домашни рамки наспроти постарите демократии. Силната меѓународна соработка во нудењето на квалитетна обука, константна и перзистентна домашна работа во креирањето на кроена обука, опфаќањето на целиот правосуден кадар – младите идни судии и обвинители, но и сегашните активни колеги, се рецептот за можен успех во гарантирањето на професионалниот интегритет. Главен индикатор за успехот на оваа заложба се судски пресуди кои на позитивен начин се воспримаат од јавноста, а која ќе изрази доверба во законската заснованост, издржаноста и правичноста на таа одлука.